ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ОД ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ ДЕЈСТВИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2021 ГОДИНА

04 2022 46 12

Скопје, февруари 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| Резиме | 1 - 3 |
| Вовед | 4 - 5 |
| Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата | 5 - 7 |
| Наоди и препораки | 7 - 16 |
| Заклучок | 16 - 17 |
| Прашања на неизвесност и континуитет | 17 - 18 |
| Останати прашања | 18 - 30 |

Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај
Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај

Кратенки користени во извештајот:

ДИК – Државна изборна комисија
МФ – Министерство за финансии
МО – Министерство за одбрана
АРМ – Армија на Република Македонија
АААВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ДКСК – Државна комисија за спречување на корупција
УБИГ – Уред за биометриска идентификација на гласачи
ОИК – Општинска изборна комисија
ППР – Платено политичко рекламирање
ЈН – Јавни набавки
ЗЈН – Закон за јавни набавки
СОЗР – Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија
ДДВ – Данок на додадена вредност
ИКТ – Информациско комуникациска технологија
ЕО – Економски оператор
ТД – Тендерска документација

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 14-146/2
Дата: 28.02.2023 година

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на тема **„Исплатените средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година“.**

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основ да го изразиме следниот заклучок:
Врз основа на извршената ревизија утврдивме дека исплатата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија преку Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година е извршена согласно склучените договори помеѓу учесниците во изборната кампања, договорите за асигнација, медиа плановите од учесниците во изборната кампања и извештаите за реализирани услуги изготвени од радиодифузерите, потврдени од АААВМУ и фактурите од страна на радиодифузерите за трошоците кои се однесуваат за платено политичко рекламирање.
Отсуството на Генерален секретар на ДИК, кој треба да е одговорен за работата на стручната служба на ДИК, не извршениот квалитативен примен на системот за биометриска идентификација на гласачите, необезбедување на соодветни просторни услови за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите, анализа на податоците од интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачите со која ќе се утврди ефикасноста на системот за биометриска идентификација на гласачите, спроведување на ЈН за изработка и печатење на доверлив изборен материјал во која не се дефинирани поединечни вредности на набавката, има влијание врз процесот на спроведување на изборите.

Дополнително влијание имало и недоволно уредената законска регулатива, честите измени и дополнувања на Изборниот законик, како и измени и дополнувања на законот непосредно пред спроведување на изборите.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Државната изборна комисија за 2019 година, за сметка на основен буџет (637), во кој е изразено неповолно мислење за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Со извршената ревизија на усогласеност, ги констатиравме следните состојби кои се однесуваат на:

- генерален секретар на ДИК не е назначен;
- неадекватни просторни услови за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите;
- во постапката за јавната набавка за изработка и печатење на доверлив изборен материјал, не се дефинирани поединечни вредности на набавката;
- не е извршен квалитативен прием на системот за биометриска идентификација на гласачите со цел утврдување на квалитетот и квантитетот на извршените стоки согласно склучениот договор и
- анализа на податоците од интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачите со која ќе се утврдат ризиците и проблемите настанати во текот на процесот на гласање.

За надминување на утврдените состојби до одговорното лице, ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ја истакнавме состојбата која се однесува на тоа дека и покрај тоа што двајца учесници во изборната кампања кај носител на платен промет немаат отворено трансакциска сметка со назнака “за изборна кампања“, надлежната изборна комисија има донесено решенија со кои се потврдуваат листите на кандидат за избор на градоначалник, односно избор на членови на советот и овозможува истиот да учествува во изборниот процес.

Во делот на Останати прашања, ревизијата смета дека е потребно да укаже на потребата од:

- доуредување на член 76-д од Изборниот законик со пропишување на мерливи критериуми во делот на обезбедување и распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за платено политичко рекламирање;

- пропишување на одредби со кои ќе се уреди дали може коалиција или политичка партија да поддржи независен кандидат - група избирачи и да ги користи доделените средства за платено политичко рекламирање за независниот кандидат - група избирачи, доколку може во кои услови и на кој начин и дали при таквата поддршка истиот има право да ги користи и средствата што му следуваат како независен кандидат;
- определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали);
- да се дополнат член 76-д став 11 од Изборниот закони и да се предвиди воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активност на банерите во кои ќе бидат вклучени сите засегнати страни;
- да се доуредат условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за политичко рекламирање во ДИК;
- да се пропишат јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали) и
- потреба од законско решение за користење на финансиските средства од разделот МФ - Функции на државата како финансиски план (право на трошење) со кој се овозможува одобрување и исплаќање на средства за намени кои можат да бидат планирани во фазата на изготвување на Буџетот на Република Северна Македонија, односно во рамки на буџетот на ДИК за исполнување на законските обврски поврзани со изборните процеси.

Од страна на раководното лице на ДИК добиени се Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истото е разгледано и констатирано е дека истите преставуваат известување и образложение за констатираните состојби и преземените мерки од страна на одговорните лица на ДИК.

# 1. Вовед

1.1. Извршена е ревизија на усогласеноста на тема „Исплатени средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година", а одредени области, прашања и настани се опфатени и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

1.2. Ревизијата на усогласеност на исплатени средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година, од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија за 2019 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Државна изборна комисија за сметката на основен буџет (637), за која е изразено неповолно мислење за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Исплатените средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година се одговорност на одговорното лице на Државната изборна комисија:

- Проф. д-р Александар Даштевски, претседател од 14.04.2021 година[1].

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешни контроли кои што се релевантни за начинот на исплата на средствата за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2021. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека исплатените средства за реализација на изборните дејства се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за усогласеноста на исплатените средства за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2021 со релевантната законска регулатива и интерните акти.

---

[1]Одлука за избор на претседател, потпретседател и членови на Државна изборна комисија број 08-189/1 од 12.01.2021 година

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали исплатените средства исплатени средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година, се во согласност со законската регулатива и интерните акти.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

Податоци и информации за предметната материја добиени се со анализа на законска регулатива, подзаконските акти, интерните акти и процедури, извештаи како и друга документација од областа, интервјуа, разговори со раководството и непосредните извршители кои се вклучени во работните процеси и активности поврзани со спроведување на постапките за исплата на средствата за спроведување на локалните избори 2021 година.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на тема „Исплатените средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година“, е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за да се донесе заклучок дали активностите и информациите во врска со обезбедување на средства за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година, точноста на пресметката, нивното евидентирање и исплата, се во согласност, во сите материјални аспекти, со критериумите кои ја уредуваат оваа област.
Во целта и опфатот на оваа ревизија не беа опфатени трошоците кои се однесуваат за редовното работење на Државната изборна комисија.

2.2. Ревизијата на усогласеност на тема „Исплатените средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година“ е извршена согласно следните критериуми:

- Изборен законик[2] ;
- Решение[3] за распишување на избори за членови на Советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје;
- Правилник[4] за систематизација на работните места на стручната служба на ДИК;
- Правилник[5] за критериумите за определување на надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација, со кој се определени критериуми за утврдување на висината на надоместокот;
- Упатство[6] за работа на општинските изборни комисии и Град Скопје;
- Упатство[7] за начин на реализација на средствата определени од ДИК за спроведување на изборите од страна на ОИК и
- останата релевантна законска регулатива поврзана со темата предмет на ревизија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.03.2022 до 15.07.2022 и од 01.10.2022 до 30.10.2022 година од тим на Државниот завод за ревизија.

На ден 27.01.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема „Исплатените средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година“ број 13-147/12 од 26.12.2022 година од одговорното лице на Државната изборната комисија Проф. Д-р Александар Даштевски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14 -146/1 и истите се однесуваат на точките 3.1.1, 3.1.2, 3.2.1., 3.3. и 4.1.1. Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор при што е констатирано дека истите преставуваат известување и образложение за констатираните состојби и преземените мерки од страна на одговорните лица на ДИК. Забелешките и одговорот на забелешките се составен дел на Конечниот извештај и се дадени во прилог на истиот.

---

[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, Испр. 155/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, Испр. 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 146/19, 42/20, 72/20, 160/20, 74/21 и 215/21

[3] Решение број 09-3732/1 од 06.08.2021 година.

[4] Правилник број 04-2903/3 од 07.11.2019 година.

[5] Правилник број 08-3173/1 од 26.10.2021 година и измена број 08-3173/1 од 30.11.2021 година.

[6] Упатство број 08-789/01 од 20.03.2019 година

[7] Упатство број 08-1727/1 од 20.08.2021 година.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Државна изборна комисија на ден 03.11.2022 година.

## 3. Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Согласно член 30 став 8 од изборниот законик за вршење на стручно административните и организационо технички работи на ДИК, се формира стручна служба.

Согласно член 30 став 1 од Изборниот законик, со стручната служба раководи генерален секретар кој го избира ДИК.

Со Правилникот за систематизација на работните места на стручната служба на ДИК, за работно место генерален секретар утврдени се работни задачи во делот на обезбедување на ефикасно и ефективно раководење со Стручната служба, со сите административни службеници, обединување на работата на Стручната служба и поддршка на работата на претседателот и на ДИК.

По престанокот на мандатот на генералниот секретар во 2020 година, ДИК нема избрано нов генерален секретар, поради што овие работни задачи ги извршува Државната изборна комисија.

Ваквата состојба влијае врз организирањето на работните задачи, имајќи ја во предвид значајноста на функцијата на генералниот секретар во раководење со Стручната служба, која треба да се грижи за законитоста во подготовката и спроведување на изборите и надзор над работата на изборните органи.

Препорака:

Државната изборна комисија да преземе мерки и активности за избор на генерален секретар на ДИК.

**Магацински простор за сместување на биометриските уреди за идентификација на гласачите**

3.1.2. ДИК има обврска да го чува, прима и предава изборниот материјал во секој изборен процес согласно член 31 точка 14 од Изборниот законик. За потребите на изборниот процес во текот на 2021 година ДИК има набавено техничка опрема (4000 уреди за биометриска идентификација на гласачите) кои времено се сместени во ДОМ на АРМ во Скопје. ДИК не поседува и не располага со сопствен магацински простор, а постојниот магацински простор не е доволен,

соодветен и адекватен и не обезбедува сигурност и заштита за сместување на ново набавените УБИГ. Условите кои се потребни да се исполнат за безбедно сместување и чување на уредите се уредени во дадените насоки и препораки од производителот, а кои се однесуваат на обезбедување на простор од најмалку 400м$^2$ во сигурна и сува средина, заштитена од течности и влажност во опсег од 45% до 75%, температура од 10 до 25 степени, чисто и проветрено складиште, без корозивни гасови. ДИК непосредно пред почеток на изборната кампања, има доставено Барање[8] до МО за обезбедување на просторни услови во Дом на АРМ со цел сместување на уредите во периодот од 10.09 до 15.12.2021 година, за што е добиена согласност за привремено користење на една просторија (сала), без уредување на обврска за нивно чување и обезбедување, каде истите сеуште се наоѓаат. Имајќи го предвид наведеното, ДИК се има обратено и до Владата на Република Северна Македонија со Барање[9] дека магацинскиот простор кој е доделен од страна на МО - Дом на АРМ истекува на ден 15.12.2021 година. Од Владата на Република Северна Македонија е добиен е одговор дека ниту Владата ниту СОЗР не располагаат со потребниот тип на магацински простор за што е потребно ДИК сама да изнајде соодветен простор и да склучи договор со цел решавање на ова прашање.
Во текот на 2022 година до ДИК е доставено известување[10] за направен увид во магацинот за чување на УБИГ од Координативното тело за ИКТ и безбедносни прашања во ДИК, со кое е констатирано дека магацинскиот простор е несоодветен и не ги исполнува потребните услови и стандарди за чување на уредите и опремата.

Исто така укажуваме дека со Правилникот за систематизација на работните места на стручната служба на ДИК, предвидено е работно место самостоен референт економ магационер, кое не е пополнето. Согласно предвидените работни задачи истиот треба да раководи со магацинот на ДИК, да врши магацински работи, да го чува изборниот материјал, да го одржува инвентарот на опремата и потрошниот материјал, како и да извршува работи за време на изборниот процес со кој ќе биде задолжен. Во текот на 2020 година ДИК има доставено барање до МФ за потребата од обезбедување на средства за вработување за што добила негативен одговор.

Наведената состојба која се однесува на не обезбедување на соодветен простор за складирање и чување на уредите кои претставуваат доверлив избирачки

[8]Барање број 03-1937/1 од 10.09.2021 година.
[9]Барање број 03 - 4396/1 од 14.12.2021 година.
[10]Известување за потребата од обезбедување на магацински простор од 22.03.2021 година.

материјал и имаат значајна материјална вредност не е во согласност со одредбите на Изборниот законик, како и не пополнето работно место на магационер за чување изборниот материјал, создава ризик од соодветно ракување, одложување и чување на залихите на изборните материјали, што може да доведе до нивно трајно оштетување, неможност од нивно користење во наредните изборни процеси, имајќи во предвид дека начинот на складирање, чување и одржување се клучни елементи за долготрајно користење на овие уреди.

Препорака:
Одговорното лице на ДИК во соработка со Владата на Република Северна Македонија да преземе мерки и активности за обезбедување на соодветни просторни услови за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите, како и пополнување на работното место економ магационер.

## 3.2. Спроведување на постапките за јавни набавки за локалните избори

Ревизијата изврши увид во постапките за Јавни набавки, кои се однесуваат на набавка на стоки и услуги заради потребите на спроведувањето на локалните избори 2021 година. Имено склучени се договори по спроведени ЈН во вкупен износ од 752.938 илјади денари, а ревизијата изврши увид во спроведените постапките во вкупен износ од 748.329 илјади денари или 99%.

3.2.1. За потребите на Локалните избори 2021 година, ДИК има спроведено постапка за ЈН на услуги- изработка и печатење на доверлив изборен материјал и избирачки список за изборите за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, 2021 година за што склучен е договор и анекс на договор со економски оператор во вкупен износ од 53.352 илјади денари. Со извршениот увид во начинот на спроведување на постапката, склучениот договор и неговата реализација, ревизијата ги утврди следните состојби:

- во тендерската документација предметот на набавка е неделив и истиот е составен од повеќе ставки во рамки на еден дел, при што дел од ставките предмет на набавка кои се наведени како доверлив изборен материјал согласно Упатството[11] за утврдување на видови на изборен материјал донесен од ДИК се сметаат за недоверлив изборен материјал (шаблони на браево писмо, гласачки паравани, гласачка кутија, дневник за евиденција на настани, самолепливи етикети и друг недоверлив гласачки материјал,

[11]Упатство број 08-1197/1 од 15.04.2019 година.

пликови за пакување, граничник итн). Утврдената состојба не е во согласност со член 78 став 2 од законот за јавните набавки – необразложени причини во Одлуката за ЈН за оформување на ЈН во еден дел;

- договорниот орган во образецот на понудата, односно во дел 2 финансиската понуда ги нема наведено барањата за утврдување на поединечна цена за секоја ставка одделно по барана количина, односно економскиот оператор врз основа на образецот на понудата дава информација за вкупната цена за целата набавка, што не е во согласност со член 81 став 1 од Законот за јавните набавки;
- во склучениот договор и фактура вредноста на услугата е искажана како вкупна вредност на договор, односно во фактурата и спецификацијата за услугата не се искажани поединечни цени за количината по секоја ставка одделно, што не е во согласност со член 82 став 1 од Законот за јавните набавки и
- во текот на изборите, склучен е Анекс кон договорот за набавка на дополнителна количина на препечатување на гласачки ливчиња за членови на совет на Општина Бутел поради направен превид во симбол на политичка партија, и гласачки паравани во вкупен износ од 1.352 илјади денари со дадени единечни цени. Имено бидејќи во оваа набавка не се барале единечни цени, од страна на ЕО дадена е понуда со единечни цени со образложените за формирање на цената.

Ваквиот начин на оформување на ЈН во еден дел, може да влијае врз конкуренција помеѓу економските оператори и цената која може да се постигне при спроведувањето на постапката за ЈН.
Укажуваме дека ваквиот начин на спроведување на ЈН не придонесува за воспоставување на соодветен систем на контрола при следење на реализацијата на договорите за јавна набавка.

Ревизијата истакнува дека во текот на вршење на ревизијата, објавени се две јавни набавки и тоа: поедноставена отворена постапка за набавка на услуги изработка и печатење на доверлив изборен материјал и избирачки список за локални избори 20-ти август 2022 година (Општина Центар Жупа и градоначалник на Општина Маврово и Ростуше и Изборите за членови на Советот на Општина Тетово) како неделив предмет на набавка, оформен по пакети со поединечни цени, како и набавка од мала вредност за набавка на гласачки паравани со единечни цени (стандардни гласачки паравани и гласачки паравани за лица со посебни потреби - инвалидизирани лица). Исто така во постапката за доверлив изборен материјал одговорните лица во ТД

превиделе дека во случај на евентуалното препечатување до 5% од вкупниот број на предвидени гласачки ливчиња поради технички грешки на Договорниот орган, економскиот оператор е должен истите да ги препечати во постигнатата цена, односно без било какви финансиски импликации за договорниот орган.

Препорака:
Одговорното лице на ДИК да преземе мерки и активности и тоа:

- при спроведување на ЈН за изработка и печатење на доверлив изборен материјал да се примени повеќегодишна постапка за ЈН (рамковна спогодба) со која би биле дефинирани поединечни вредности на набавката и техничките карактеристики на изборниот материјал, а поединечните договори за набавката да се доделуваат во периодот на спроведување на изборите и
- воспоставување на соодветен систем на контрола при следење на реализацијата на договорите за јавна набавка со кој ќе се осигура дека истата се одвива во согласност со предвиденото во договорите и договорите за јавна набавка да ги доделуваат согласно условите предвидени во тендерските документации и техничките спецификации.

## 3.3. Биометриски интегриран систем за идентификација на гласачите;

3.3.1. Со Измена и дополнување на Изборниот Законик во февруари 2020 година[12] предвидено е гласање со примена на техничка опрема за идентификација на гласачите. Имено, со Измената е предвидено дека *„доколку постојат технички услови и можност за спроведување од страна на ДИК, за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија кои ќе се одржат во 2020 година ќе се применуваат уреди за биометриска идентификација на гласачите, додека целосно ќе се применуваат за првите наредни избори“*, односно за Локалните избори во 2021 година. Исто така и со донесената Измена[13] и дополнување на Изборниот Законик во април 2021 година се доуредува гласањето со примена на техничка опрема.

Финансиските средства за набавка на Биометриски интегриран систем за идентификација на гласачи се обезбедени една година подоцна со Одлука од Владата на Република Северна Македонија, донесена во април 2021 година со

[12]Закон за изменување и дополнување на Изборниот Законик Службен Весник на Република Северна Македонија број 42/2020 од 16.02.2020 година.
[13]Закон за изменување и дополнување на Изборниот Законик Службен Весник на Република Северна Македонија број 74/2021 од 02.04.2021 година.

која се обезбедени средства во вкупен износ од 720.000 илјади денари, преку раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата.

По донесената Одлука за обезбедување на финансиските средства, донесена е Одлука на 04.05.2021 за спроведување на постапка за ЈН, која е поништена поради значителни пропусти во тендерската и техничката документација.

На 31.05.2021 година донесена е нова Одлука за ЈН на стоки Интегриран систем за биометриска идентификација на гласачите, во која претседателот и членовите на комисијата се дел од членовите на ДИК, како и утврдено е дека ќе се ангажираат надворешни лица кои ќе учествуваат во постапката за ЈН.

Во периодот на прибирање на понудите, поднесени се две жалби кои се однесуваат на тендерската документација и техничката спецификација кои се одбиени поради неоснованост од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Биле поднесени понуди од четири економски оператори од кои, согласно Извештајот од спроведената постапка, само еден целосно ги исполнувал условите од тендерската и техничката документација. Имено, Извештајот е потпишан од тројца членови на Комисијата, додека од двајца членови, дадени се забелешки, поради несогласување со предлогот за избор на најповолна понуда, односно истите сметале дека ниту избраниот понудувач не ги исполнува бараните услови, а еден од членовите укажал дека на одржаната квалитативна презентација од страна на економскиот оператор презентиран е различен уред од уредот кој е дел од доставената понуда. За утврдување на прифатливост односно неприфатливост на пристигнати понуди дополнително бил ангажиран експерт за консултантски услуги за евалуирање на понудите, кој доставил Извештај според кој се потврдува дека истиот економскиот оператор ги исполнил условите од тендерската и техничката документација.

Согласно тројцата членови од комисијата за ЈН и мислењето од Извештајот на ангажираниот експерт, од страна на Претседателот на ДИК Донесена е Одлука[14] за избор на најповолен понудувач, по која е поднесена една жалба до Државната комисија за жалби по ЈН и истата со Решение е одбиена поради неоснованост. По решението на Државната комисија за жалби по Јавни набавки, поднесена е тужба до Управниот суд по што е донесена пресуда[15] со која тужбата се одбива како неоснована.

[14] Одлука број 05-960/4 од 16.07.2021 година.
[15] Пресуда број У-5 број 1316/2021 од 15.10.2021 година.

По донесеното Решение за одбивање на жалбата, склучен е договор[16] за набавка на интегриран систем за идентификација на гласачите во вкупен износ од 678.980 илјади денари без ДДВ.

Во периодот на испорака на Интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачите донесени се следните документи:

- Записник[17] за прием при квалитативна контрола во кој е наведено дека претставниците на ДИК во присуство на овластениот претставник на добавувачот извршиле квалитативна контрола на стоките и проверка на комплетноста на стоките на количина од 200 комплети и предложиле одобрување на прием на пратката, а записникот е потпишан од страна на овластеното лице на ДИК задолжено за вршење на квалитативен и квантитативен примен на УБИГ;
- Записник[18] за тест за прифаќање на системот за биометриска идентификација на гласачи, во кој е наведено дека присуствувале десет лица од ДИК и девет од носителот на набавката но истите не се потпишани. Во истиот наведено е дека целосно биле демонстрирани функционалностите на системот и се наведува дека од страна на претставниците на двете договорни страни било констатирано успешно функционирање на системот и потврда дека носителот на набавката успешно го испорачал и ставил во функција системот во целост согласно одредбите од склучениот договор. Записникот е потпишан само од Претседателот на ДИК и овластено лице од носителот на набавката;
- Записник[19] за квалитативен и квантитативен прием во кој е наведена динамиката на прием на биометриските уреди во период од 03.09 до 10.10.2021 и истиот е потпишан од страна на претседателот на ДИК и овластено лице на носителот на набавката, а не и од лицето кое било овластено[20] од ДИК за вршење на квалитативен и квантитативен прием и
- Записник[21] за успешно функционирање на интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачи потпишан од страна на овластените лица на добавувачот и ДИК во кој се потврдува дека системот функционирал до денот на објавување на резултатите од Локалните избори 2021 година.

[16] Договор број 05-960/11 од 11.08.2021 година.
[17] Записник број 05-960/16 од 09.09.2021 година.
[18] Записник број 03-2510/1 од 12.10.2021 година.
[19] Записник број 03-2510/3 од 12.10.2021 година.
[20] Овластување број 05-960/15 од 03.09.2021 година.
[21] Записник број 03-4072/2 од 16.11.2021 година.

Доставени се известувања[22] од пет лица наведени како присутни во Записникот за тест на прифаќање до претседателот и членовите на ДИК, во кои истакнуваат дека на состанокот на кој биле усно поканети, само била прикажана **power point** презентација во која сумарно биле презентирани активностите извршени до тој момент и дека не е констатирано функционирање и ставање во функција на системот и истото не претставувало тест за прифаќање на системот како и дека не е извршен квалитативен технички прием на системот.

Изработен е Извештај за спроведените активности за презентација и користење на УБИГ пред спроведувањето на Локалните избори 2021 година во кој е наведено дека:

- на 6 октомври 2021 година во просториите на ДИК е направена презентација на функционирањето на УБИГ со користење на еден уред, со инсталиран софтвер и податоци од гласач на еден на членовите на тимот за односи со јавност во ДИК со цел да се прикажат сите можни сценарија при користењето на уредот на денот на гласањето и презентација на функционирањето на уредот и
- на 7 октомври во спортскиот центар Борис Трајковски организиран е настан на кој е прикажана симулација на постапката на гласање со употреба на еден уред за биометриска идентификација на гласачите.

Имено, во известувањата од двајца членови на координативното тело за ИКТ и безбедносни прашања во ДИК дополнително се наведува дека работната група доставила препорака[23] да се направи квалитативен технички прием на уредите со кој ќе потврди исполнување на уредите и системот како целина со минималните технички барања во набавката, а до денот на доставување на известувањето координативното тело нема добиено информација за преземените дејствија содржани во препораката.

Во прилог на Записникот за извршен квантитативен и квалитативен прием нема дополнителна документација со која би се потврдил квалитативниот прием на интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачите во целина, што не е во согласно со точка 7.8 Квалитативен и квантитативен прием од

[22] Известување број 03-2623/1 од 16.10.2021 година од одговорното лице за реализација на договорот, Известување број 03-2510/6 од 15.10.2021 година од член на ДИК и член на комисијата за јавни набавки; Известување број 03-2622/1 и 03-2622/1 од 16.10.2021 година од членови на Координативното тело за ИКТ и безбедносни прашања во ДИК и Известување број 03-2510/5 од 15.10.2021 година од Потпретседателот на ДИК
[23] Известување број 03-2308/1 од 28.09.2021 година.

тендерската документација во која е наведено дека во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на извршените стоки и не е во согласност со член 23 од склучениот договор во кој е предвидено дека квалитативниот и квантитативниот прием се утврдува од овластени лица на договорните страни во текот на примопредавањето на стоките.
Ваквата состојба создава ризик тоа што е предвидено со тендерската и техничката документација да не е испорачано во ДИК од страна на добавувачот.
Укажуваме дека од страна на ДИК доставен е Записник за прием при квалитативна контрола и проверка на комплетноста на 200 уреди за биометриска идентификација на гласачи.

Согласно барањата во тендерската и техничката документација, секој УБИГ има можност да генерира повеќе извештаи за состојбата со гласачите на самиот ден на изборите како што се: излезеност на гласачи разделени по род на секои два часа, статистички извештај за квалитетот на скенот на отпечатоците на гласачите за секоја општина, извештај кај колку од гласачите се совпаднале отпечатоците итн. Со анализа на податоците од интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачите ќе се утврдат ризиците и проблемите настанати во текот на процесот на гласање, со цел изнаоѓање на решенија за подобрување на ефикасноста на системот при користењето во наредни изборни процеси.
Укажуваме дека со извршените анализи кои ги спровела ДИК за користење на уреди за верификација на гласачи на изборите, како основни предуслови пред да се започне со биометриска идентификација/верификација, ДИК утврдиле дека е потребно: време/ресурси за да се опфатат сите отпечатоци од прсти, да се направи долготраен процес на дедупликација на податоците, адекватно време за тестирање, пилот проект, обуки на лицата за регистрација и кампања за информирање на јавност најмалку една година пред изборите.
Во текот на 2021 година доставено е Барање[24] за доставување на податоци и информации од страна на ДКСК во кое е наведено дека ДКСК постапува по предмет отворен врз основа на добиена пријава во која се наведени наводи за неправилности во процесот на набавка и испорака на УБИГ, спроведен од ДИК.

Препорака:
Државната изборна комисија да направи анализа на податоците од интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачите со која ќе се утврдат ризиците и проблемите настанати во текот на процесот на гласање,

[24]Барање број 03-4008/1 од 15.11.2021 година.

со цел изнаоѓање на решенија за подобрување на ефикасноста на системот при користењето во наредни изборни процеси.

## 4. Ревизорски заклучок

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основ да го изразиме следниот заклучок:

Врз основа на извршената ревизија утврдивме дека исплатата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија преку Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година е извршена согласно склучените договори помеѓу учесниците во изборната кампања, договорите за асигнација, медиа плановите од учесниците во изборната кампања и извештаите за реализирани услуги изготвени од радиодифузерите, потврдени од АААВМУ и фактуритеа од страна на радиодифузерите за трошоците кои се однесуваат за платено политичко рекламирање.

Отсуството на Генерален секретар на ДИК, кој треба да е одговорен за работата на стручната служба на ДИК, не извршениот квалитативен примен на системот за биометриска идентификација на гласачите, необезбедување на соодветни просторни услови за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите, анализа на податоците од интегрираниот систем за биометриска идентификација на гласачите со која ќе се утврди ефикасноста на системот за биометриска идентификација на гласачите, спроведување на ЈН за изработка и печатење на доверлив изборен материјал во која не се дефинирани поединечни вредности на набавката, има влијание врз процесот на спроведување на изборите.

Дополнително влијание имало и недоволно уредената законска регулатива, честите измени и дополнувања на Изборниот законик, како и измени и дополнувања на законот непосредно пред спроведување на изборите.

## 5. Прашања на неизвесност и континуитет

5.1.1. Со извршената ревизија на Вкупните финансиски извештаи со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборната кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметките на двајца учесници - Група избирачи кандидат за Градоначалник за Локални избори 2021 година на Општина Дебрца и Група избирачи носител на листа за избор на членови на совет на општина за Локални избори 2021 година Општина Дебрца, утврдивме состојби

кои укажуваат на неправилности и незаконитости, за кои состојби доставен е Нацрт извештај до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, по кои до денот на известување од извршената ревизија, до ДЗР не доставен одговор за преземени мерки.

Имено, учесниците во изборната кампања кај носител на платен промет немаат отворено трансакциска сметка со назнака "за изборна кампања".

Согласно одребите на член 71 став 1 од Изборниот законик е уредено дека „ *заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака "за изборна кампања" и кај носител на платен промет во Република Македонија отвораат трансакциска сметка со назнака "за изборна кампања" и истите не може да се користат за друга намена".*

Исто така, со член 71 став 4 од Изборниот законик е уредено дека доколку политичката партија, коалицијата, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат не обезбедат ЕДБ и не отворат трансакциска сметка во законски утврдениот рок, кандидатската листа се отфрла со решение на надлежната изборна комисија, односно потврдената листа за кандидати се поништува со решение на надлежната изборна комисија.

Со одредбите на член 67 од Изборниот законик се уредува постапката за утврдување на листа на кандидат и тоа:

- согласно став 1 државната, односно општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје има обврска по приемот на листата на кандидат, односно кандидати да утврди дали истата е поднесена во утврдениот рок и составена во согласност со одредбите на овој законик;
- согласно став 2, ако Државната, односно општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје утврди дека во листата има одделни неправилности, има обврска да го повика овластениот претставник на подносителот на листата, односно првопотпишаниот пратеник на листата на кандидат, да ги отстранат неправилностите во рок од 48 часа од приемот на известувањето на комисијата за неправилностите;
- согласно став 5, ако Државната, односно општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје утврди дека листата е поднесена во определениот рок и е составена во согласност со одредбите

на овој законик, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листата ги отстраниле во законски утврдениот рок поднесената листа ќе ја потврди со решение;

– согласно ставот 6, ако Државната, односно општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје утврди дека листите се поднесени ненавремено, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листите не ги отстраниле во горе утврдениот рок, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од приемот на листите.

Имајќи ја во предвид горенаведената состојба и законски утврдените надлежности, ревизијата истакнува дека и покрај тоа што подносителите на листа не отвориле трансакциска сметка кај носител на платен промет, надлежната изборна комисија има донесено Решение[25] и Решение[26] со кое се потврдуваат листите на кандидат за избор на градоначалник, односно избор на членови на советот, што не е во согласност со одредбите на член 67 став 1, 2, 5 и 6 и член 71 став 4 од Изборниот законик и се овозможува истиот да учествува во изборниот процес.

По доставување на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор Државната изборна комисија, има донесено Решение број 08-214/1 од 26.01.2023 година за разрешување на претседател, членови и нивните заменици на општинската изборна комисија Дебрца на седница одржана на 28.12.2022 година.

## 6. Останати прашања

6.1.1. Начинот, условите и постапката за избор на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, се уредени со Изборниот законик.

Државната изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и спроведување на изборите во согласност со одредбите на Изборниот законик.

Изборниот законик како основен закон, со кој се уредуваат прашањата од областа на изборниот процес е донесен во 2006 година и истиот заклучно со 2021 година е повеќе пати менуван и дополнуван. Имено, со извршената анализа на законските измени, констатиравме дека најголем број промени биле извршени

[25]Решение со кое се потврдува Листата на кандидат за избор на градоначалник на Општина Дебрца од "Група Избирачи Зоран Ногачески" број 11-75/1 од 12.09.2021 година

[26]Решение со кое се потврдува Листата на кандидат за избор на членови на советот на Општина Дебрца од "Група Избирачи Димче Андрески" број 11-82/1 од 13.09.2021 година

на одредбите со кои се уредува спроведувањето на изборната кампања, односно одредбите кои се однесуваат на рекламирање, финансирање и известување.

Истакнуваме дека последните измени и дополнувања на Изборниот законик беа донесени на ден 16.09.2021 година, односно на 41-от ден по распишување на Изборите за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје, со кои се изврши измена и дополнување и на одредбите кои се однесуваат на:

- **начинот на гласање со и без примена на техничка опрема,** со кои се уреди начинот на утврдување на идентитетот во постапката на гласање со отпечаток од прсти и
- **медиумско претставување,** во однос на начинот на распределба на јавните финансиски средства за платено политичко рекламирање, како и утврдување на дополнително 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината каде се одржува втор круг на гласање за локалните избори.

Напоменуваме дека наведените измени и дополнувања беа усвоени по брза постапка без претходна јавна расправа и без консултација со клучните чинители.

Ревизијата истакнува дека и во Конечниот извештај на Мисијата на ОДИХР за набљудување на избори за Локални избори, 17 и 31 октомври 2021, изготвен од Канцеларијата за демократски институции и човекови права е наведено дека вклучително и релевантните државни институции, изразиле загриженост до Мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР во врска со избрзаното усвојување на важните измени и техничкиот капацитет за нивно спроведување во ограниченото време пред спроведување на изборите.

Сметаме дека ваквиот начин на носење на измени после распишување на изборите, создава правна несигурност и неизвесност во постапувањето на засегнатите страни во изборниот процес и влијае врз неможноста ДИК навремено и целосно да се подготви за спроведување на истите.

Укажуваме дека измените и дополнувањата на Изборниот законик треба да се усвојуваат по претходна јавна расправа, со консултација со клучните чинители, како и со соодветен период за нивна правилна и навремена имплементација.

6.1.2. За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од средствата

на Буџетот на Република Северна Македонија и се исплаќаат преку раздел 02004 - Државна изборна комисија, Потпрограма 21 - изборни активности.

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.09.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/22) се изврши измена на член 76-д став 5 со која се утврди висината на вкупните средствата кои ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за платеното политичко рекламирање и нивната распределба по одделните учесници во изборната кампања, кои не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија, а за локални избори дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината каде се одржува втор круг на гласање, доколку има втор круг дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија.

Во однос на критериумите кои ќе се применуваат при распределба на овие средства по одделните учесници во изборната кампања, утврдена е распределба на вкупните средства по претходен писмен договор на следниов начин:

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 7% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и
- најмногу 3% од средствата може да искористат политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Северна Македонија или кандидати.

Со извршената анализа на примената на горенаведените одредби, ревизијата ги констатира следните состојби:

- распределбата на вкупните средства во износ од 322.977 илјади денари исплатени за платено политичко рекламирање според принципот 45%, 45%, 7% и 3%, не обезбедува објективни и разумни критериуми за распределба на

јавните средства, давајќи значителна предност на најголемите парламентарни партии, притоа ограничувајќи ги можностите на останатите партии и независните кандидати да ги претстават своите програми на радиодифузерите, електронските и печатените медиуми и

- со пропишаниот начин на утврдување на дополнително 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината каде се одржува втор круг на гласање за локалните избори, отсуствува утврдување на јасни критериуми дали дополнителни средства за втор круг од локалните избори ќе се обезбедат од вкупно запишани избирачи на територијата на општините во кои се одржува втор круг на гласање, независно од тоа дали учесниците во изборниот процес настапуваат со свои кандидати во општините каде се одржува втор круг на гласање.

Со извршениот увид во доставената документација и анализата на податоците во деловните книги, како и во начинот на распределба на дополнителните средства исплатени за втор круг на гласање помеѓу најголемите политички партии позиција/опозиција,/политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група/политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати, констатиравме дека за втор круг на гласање исплатени се средства во вкупен износ од 64.586 илјади денари, при што применет е различен начин на нивна распределба и исплата, односно кај дел од политичките партии исплатени се средства согласно бројот на запишани избирачи на територијата на општините во кои се одржува втор круг на гласање, додека кај дел распределбата и исплатата е извршена согласно бројот на запишани избирачи на територијата на општините каде се одржува втор круг на гласање и каде учесникот во изборниот процес настапува со свој кандидат.

Распределбата на исплатените средства за платено политичко рекламирање се прикажани на Графичкиот приказ број 1




Сметаме дека е потребно доуредување на одредбите на член 76-д од Изборниот законик, во делот на пропишување на објективни критериуми за распределбата на јавните средства за платено политичко рекламирање и утврдување на прецизни критериуми и услови за распределба на дополнителните средства за втор круг од локалните избори.

6.1.3. Финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија се распределуваат по претходен писмен договор на начин и процент детално образложен во точка 7.1.2. од овој извештај.

Ревизијата изврши увид во склучените договори за распределба на платеното политичко рекламирање, при што констатиравме дека распределбата се врши на различен начин и % помеѓу политичките партии во позиција/опозиција,/политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група/политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати и тоа:

- средствата во вкупен износ од 154.588 илјади денари кои ги имаат искористено двете најголеми политички партии од позицијата, за првиот изборен круг се процентуално распределени и тоа во висина од 55% и 45% , додека за вториот изборен круг распределбата е изразена во евра без ДДВ;
- средствата во износ 144.005 илјади денари кои ги имаат искористено двете најголеми политички партии од опозицијата, се распределени по радиодифузери во минути, додека за вториот изборен круг немаат склучено меѓусебен договор за распределба на финансиски средства за платено политичко рекламирање;
- средствата во вкупен износ од 16.988 илјади денари кои ги имаат искористено политичките партии во Собранието на Република Северна Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група, се распределени за првиот изборен круг во износ од 26 илјади евра до 75 илјади евра, додека за вториот изборен круг во износ од 5 илјади евра до 11 илјади евра и
- средствата во вкупен износ од 6.629 илјади денари кои ги имаат искористено политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати кои на последните избори за пратеници, за првиот и вториот изборен круг се распределени во износ од 15 илјади денари до 1.077 илјади денари.

Ваквата состојба остава можност распределбата на средствата за платено политичко рекламирање да се врши на различен начин и процент помеѓу политичките партии, без притоа да постојат јасно утврдени мерливи критериуми за распределба на овие средства, како и колку на која партија или кандидат им следува со цел на сите учесници на изборниот процес да им се обезбеди рамномерен пристап за платено политичко рекламирање согласно член 75 ѓ став 13 од Изборниот законик.

Сметаме дека е потребно доуредување на одредбите на член 76-д од Изборниот законик во делот на обезбедување и распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за платено политичко рекламирање со цел прецизно дефинирање на начинот на распределба на овие средства без притоа да се остави можност за различно постапување и распределба на овие средствата од страна на политичките партии.

6.1.4. За Изборот за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје 2021 година, Советот на АААВМУ со цел обезбедување прецизни правила за дозволеното

времетраење на платеното политичко рекламирање на реален час емитувана програма има донесено Упатство[27] со кое е уредено дека *„подносителите на листи кои јавно декларираат поддршка на кандидати од група избирачи за општините и Градот Скопје, а во кои немаат свои кандидати, можат дел од своето закупено време за платено политичко рекламирање да користат за рекламирање на овие кандидати, притоа јасно означувајќи дека тие се нарачатели на рекламирањето, а не кандидатите кои ги поддржуваат“.*
Со извршената анализа на одредбите од Изборниот законик ревизијата констатира дека со истиот не е пропишана обврска за донесување на наведеното упатство од страна на АААВМУ, а со тоа и уредување на работи поврзани со изборните активности надвор од законот.

Напоменуваме дека во текот на изборната кампања Локални избори 2021 година подносител на листа дел од своето закупено време за платено политичко рекламирање за поддршка на кандидати од група избирачи го користат за рекламирање на овие кандидати, притоа јасно означувајќи дека тие се нарачатели на рекламирањето, а не кандидатите кои ги поддржуваат.

Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата смета дека е потребно да се преземат мерки за доуредување на Изборниот законик и тоа во делот дали може коалиција или политичка партија да поддржи независен кандидат - група избирачи и да ги користи доделените средства за платено политичко рекламирање за независниот кандидат - група избирачи, доколку може во кои услови и на кој начин и дали при таквата поддршка истиот има право да ги користи и средствата што му следуваат како независен кандидат.

Исто така потребно е во Изборниот законик да се утврдат одредби со кои јасно ќе се определи дали и за кои надлежности АААВМУ има право да донесува подзаконски акти кои се однесуваат на регулирањето на изборниот процес вклучително и платеното политичко рекламирање притоа имајќи предвид дека со подзаконски акти не може да се доделуваат права и/или да се наметнуваат обврски кои не се предвидени со закон.

6.1.5. Согласно одредбите од глава V - Кандидирање од Изборниот законик, право да поднесат листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции

[27] Упатство за платено политичко рекламирање за локалните избори за 2021 година број 01-3487/1 од 24.09.2021 година

во која може да учествуваат само регистрирани политички партии, како и група избирачи. Називот на листата се означува според името на подносителот на листата и истата е потпишана лично од овластен претставник на подносителот на листата.
ДИК со ждрепка го утврдува редоследот на листите на кандидати и тој е ист во сите изборни единици, односно општини.
Листите на кандидати предложени од коалиција предводена од една иста политичка партија, без разлика на бројот на политичките партии во коалицијата во различни општини, односно изборни единици, имаат ист реден број во сите општини, односно во сите изборни единици.

Со цел заедничко учествување во изборната кампања на локалните избори 2021 година, двете најголеми политички партии од позиција и опозиција имаат склучено договори за настапување како коалиција на Изборите на градоначалници и членовите на Совет на општините, односно градот Скопје, со 11 (единаесет) односно 7 (седум) регистрирани политички партии, кои договори го содржат името на коалицијата како и општините во кои ќе настапуваат заедно.

Учесниците во изборната кампања како нарачатели на услуги и радиодифузерите склучуваат договор за платено политичко рекламирање, со кои се уредуваат периодот и цената на рекламирањето и вредност на услугата.
Учесникот во изборната кампања кај радиодифузерите е должен да достави медиа план за платено политичко рекламирање.
Врз основа на медиа планот, радиодифузерот емитува платено политичко рекламирање за што до АААВМУ доставува Извештај за реализирана услуги.

АААВМУ како надлежен орган за следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите за време на изборната кампања, има обврска по спроведениот мониторинг на програмата и проверка на податоците доставени од радиодифузерите да го потврди Извештајот за реализирани услуги на радиодифузерите, односно ги потврдува податоците за вкупното времетраење на платеното политичко рекламирање.

Постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги е уредена со

Упатство[28] и Методологија[29] донесени од АААВМУ, согласно кои радиодифузерите се должни во текот на изборната кампања да ја информираат АААВМУ за склучените договори за платено политичко рекламирање со учесниците во изборниот процес, да достават примерок од медиа плановите за емитување на платено политичко рекламирање и по потреба да достават и снимки од програмата. Исто така, за локални избори, потребно е сите радиодифузери што ги следат изборите да обезбедат избалансираност во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите, како и за избор на членови на советите на општините и на Градот Скопје, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно на Градот Скопје.

Договорот, медиа планот од учесникот во изборната кампања и Извештајот за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, потврдениот извештај од АААВМУ и фактурата од страна на радиодифузерите се доставуваат до ДИК за исплата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање.
Постапката на исплата на средствата се врши согласно склучени договори помеѓу учесниците во изборната кампања и Договори за асигнација[30] помеѓу учесникот во кампањата (асигнант), ДИК (асигнат) и радиодифузерите (асигнатор), со кои учесникот во изборната кампања ја овластува ДИК во негово име да им исплати на радиодифузерите, определен паричен износ на средства врз основа на горенаведената документација.

Од спроведеното интервју со одговорните лица од АААВМУ во врска со начинот на следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите за Локалните избори 2021 година, ревизорите добија информација дека АААВМУ согласно доставените податоци од единствената листа на учесници во изборите што ја изготвува ДИК врши внес на името на субјектот, односно учесникот во изборната кампања. Вака означени спотовите

[28]Упатство за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање број 01-2544/1 од 15.06.2020 година
[29]Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси број 01-2543/1 од 15.06.2020 година
[30]Член 1059 од Законот за облигационите односи „Со упатување (асигнација) едно лице, упатувач (асигнат) овластува друго лице, упатеник, (асигнант), за негова сметка да изврши нешто за определено трето лице, примач на упатување (асигнатор), а него го овластува да го прими тоа извршување од свое име“

се емитуваат и на програмите на медиумите за да можат гласачите да ги поврзат учесниците во изборите со гласачкото ливче.

АААВМУ не располага со податоци за вкупното времетраење во секунди на платеното политичко рекламирање на секоја од коалициите одделно кои двете најголеми политички партии од позицијата и опозицијата ги имаат формирано за Локалните избори 2021 година. Имено, поради тоа што на единствената листа на учесници во изборите што ја изготвува ДИК името на подносителот на листата е само политичката партија носител на коалицијата и коалицијата, а на програмите на медиумите рекламирањето не е означено одделно по коалиција. АААВМУ врши регистрирање на податоците на радиодифузерите според начинот на нивно презентирање/емитување.

Со извршениот увид во расположливата документацијата (медиа план изготвен од учесникот во изборната кампања, извештај за реализирани услуги од радиодифузерот и фактура) за покривање на трошоците за платено политичко рекламирање за изборното медиумско претставување на радиодифузерите, утврдивме различен начин на постапување во однос на критериумите за распределба на јавните финансиски средства кои може да ги користи секоја коалиција одделно, што создава можност нарачателот на услугата/политичката партија носител на коалицијата да има дискреционо право за распределба на вкупното времетраење на платеното политичко рекламирање емитувано за време на изборната кампања, за секоја коалиција одделно. Исто така, со извршената анализа и споредба на податоците искажани во фактурата, извештајот за реализирани услуги од радиодифузерите и медиа планот за секоја коалиција одделно, констатиравме дека истите се усогласени/идентични со податоците презентирани во Извештајот за емитувано платено политичко рекламирање за време на изборната кампања изготвен од АААВМУ.

Учесниците во изборната кампања како нарачатели на услуги и печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали), склучуваат договор за платено политичко рекламирање, со кои се уредуваат периодот и цената на рекламирањето и вредност на услугата. Учесникот во изборната кампања кај печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) е должен да достави медиа план за платено политичко рекламирање.

Извештајот за реализирани услуги од електронските и печатените медиуми потребно е да содржи примерок од секоја објава со јасно видлив и читлив датум за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор во печатениот медиум, примерок (принт скрин) од секој објавен банер со јасно видлив и читлив датум, за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет портал) кој нуди закуп на фиксен банер и

примерок (принт скрин) од секој објавен банер со јасно видлив и читлив датум, како и писмени изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет портал) кој нуди закуп на рекламен простор врз основа на импресии.

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 30.07.2018 година извршено е менување на член 76-в со кој за електронските медиуми (интернет портали) наместо Агенцијата, ДИК добива надлежности во делот на следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали), како и покренување на прекршочни постапки против истите во случај на непостапување по законикот. Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од февруари 2019 година и февруари 2020 година, сите горенаведени активности кои треба да ги спроведува ДИК во однос на надзорот на интернет порталите се бришат, без определување на институција надлежна за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите.

Печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), Извештајот за реализирани услуги, фактурата и примерок од објавите се должни да ги достават до учесникот во изборната кампања, а потоа до ДИК.

Со извршениот увид во приложената документација го констатиравме следното:

- во расположливата документацијата (медиа план изготвен од учесникот во изборната кампања, извештај за реализирани услуги од електронските и печатени медиуми и фактура) за покривање на трошоците за платено политичко рекламирање за изборното медиумско претставување, утврдивме различен начин на постапување во однос на критериумите за распределба на јавните финансиски средства кои може да ги користи секоја коалиција одделно, што создава можност нарачателот на услугата/политичката партија носител на коалицијата да има дискреционо право за распределба на медиумското претставување за време на изборната кампања, за секоја коалиција одделно;
- со приложување на примерокот (принт скрин) од секој објавен банер и писмените изјави за реализирани импресии не се обезбедува доволен и веродостоен доказ за реално потврдување на периодот на рекламирање и количината на реализирани импресии во дадениот период, имајќи ја во предвид можноста електронските медиуми (порталите) самостојно да го менуваат датумот на објава на банерите (фиксни и импресии) и
- прилог писмените изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум

(интернет портал) не претставуваат сигурен доказ со кои би се потврдил бројот на реализирани импресии во услови кога не е уредена законска обврска за користење на софтвер кој ќе има техничка можност за собирање на метрички и статистички податоци за активност на банерите.

Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата препорачува доуредување на Изборниот законик во начинот на изготвување на единствената листа на учесници во изборите што ја изготвува ДИК во случај на постоење на повеќе коалиции како посебни правни лица чиј носител е една политичка партија со цел следење на изборното медиумско претставување на радиодифузерите, електронски медиуми (интернет портали) и печатени медиуми и ефикасна контрола при исплата на направените трошоци за платено политичко рекламирање на секоја коалиција одделно.

Исто така за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали) како директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кои за паричен надоместок од Буџетот на Република Северна Македонија се промовираат изборните програми, ставови и кандидати, ревизијата препорачува во Изборниот законик да се определи надлежен орган за следење и известување.

6.1.6. За потребите на спроведување на локалните избори во 2021 година, на ДИК и се одобрени финансиски средства со Одлука од Владата на Република Северна Македонија во април 2021 година со која се обезбедени средства во износ од 720.000 илјади денари, преку раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата, за набавка на интегриран систем за биометриска идентификација на гласачите и Одлука[31] од Владата на Република Северна Македонија во износ од 2.858 илјади денари, преку раздел 090.02 МФ Функции на државата, кои се однесуваат за исплата на анекс договор за набавка на доверлив избирачки материјал и за неисплатени средства за лица ангажирани од страна на ДИК со цел ефикасно спроведување на локалните извори 2021 година. Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, е уредено дека исплатата на средствата од овој раздел се врши врз основа на Одлуки на Владата на Република Северна Македонија, без одобрување на финансиски план и во случај кога Владата на Република Северна Македонија одобрува средства од овој раздел на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат со финансиски план (право на трошење) во разделот на буџетскиот корисник.

[31]Одлука број 41-2351/1 од 22.03.2022 година.

Имајќи го во предвид наведеното, во завршната сметка за Буџетот на Република Северна Македонија овие исплати не се прикажуваат како трошоци на буџетски корисник, туку како расходи во целост на разделот МФ - Функции на државата, што влијае на транспарентноста на буџетот/обемот на средствата по буџетски корисник.

Сметаме дека финансиските средства кои се доделуваат на ДИК за исполнување на законските обврски поврзани со изборните процеси треба да се планираат во Буџетот на Република Северна Македонија во разделот на ДИК.

Овластениот државен ревизор во Конечните извештаи за извршената ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Северна Македонија, во континуитет, известува за потребата од законското решение на користењето на средствата од разделот Министерство за финансии - Функции на државата како финансиски план (право на трошење) со кој ќе се овозможи одобрување и исплаќање на средства за намени кои можат да бидат планирани во фазата на изготвување на Буџетот на Република Северна Македонија, во рамки на буџетите на одделните буџетски корисници.

Република Северна Македонија
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр.03-217/1
26.01.2023
СКОПЈЕ

**ДО: Државен завод за ревизија**
**ул. Павел Шатев бр.2, Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Произнесување во врска со забелешките и препораките по Нацрт извештајот на Државен завод за ревизија**

**Врска: Ваш бр. 13-47/12 од 26.12.2022 година**

Почитувани,

Државната изборна комисија Ви доставува забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на усогласеност на тема „Исплатени средства од државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година" кој е доставен од Ваша страна со бр. 13-47/12 од 26.12.2022 година.

-Со Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, констатирано е отсуството на Генерален секретар на Државната изборна комисија чиј мандат е престанат во 2020 година и поради што овие работни задачи ги извршува Државната изборна комисија.

Во врска со препораката Државната изборна комисија да преземе мерки и активности за избор на генерален секретар на ДИК, Државната изборна комисија е во постапка на ревидирање и изготвување на нов Правилник за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на ДИК кој во следниот период треба да биде усвоен од страна на комисијата и согласно истиот да се распише постапка за избор на нов генерален секретар.

-Во врска со препораката Одговорното лице на ДИК во соработка со Владата на РСМ да преземе мерки и активности за обезбедување на соодветни просторни услови за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите, Државна изборна комисија се обрати со писмен допис до Владата на РСМ бр.03-701/1 од 23.03.2022 година како и до Службата за општи и заеднички работи, со кој побара простор за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите, по што Државна изборна комисија доби одговор од страна на Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија со бр.41-17/10 во кој е наведено дека нема простор кој може да се понуди за складирање на уредите за биометриска идентификација на гласачи како и истите немаат обезбедено финансиски средства за закуп на простор од тој тип.

Државната изборна комисија се обрати со писмен допис и до АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката- Скопје, со број 03-2704/1 од 20.12.2022 година, со кој побара да се отстапи соодветен простор со магацинска намена за чување на доверлив изборен материјал (Уреди за биометриска идентификација на гласачи) и кој простор треба да исполнува просторен капацитет од најмалку 1000 м2 и при тоа наведе дека магацинскиот простор ДИК го бара поради тоа што Државната изборна комисија не располага со соодветен простор кој ги исполнува минималните услови за технички и безбедносни стандарди како и со оглед на финансиската криза и мерките за штедење кои ги применува Државна изборна комисија.

Државна изборна комисија откако доби одговор од АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката- Скопје дека не располага со деловен простор кое би било за таа намена се обрати и до Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост со истото барање со бр. 03-201/1 на ден 25.01.2023 год.

Државна изборна комисија повторно се обрати со писмен допис до Владата на РСМ бр.03-210/1 од 26.01.2023 година, со кој побара простор за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите.

-Со Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, при Државниот завод за ревизија, Бр.13-147/11 од 26.12.2022 година, по извршената ревизија на усогласеност на тема „Исплатените средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година", констатирана е меѓу другото слабост при спроведување на ЈН за изработка и печатење на доверлив изборен материјал, за која е дадена следната препорака:

- одговорното лице на ДИК да преземе мерки и активности при спроведувањето на ЈН за изработка и печатење на доверлив изборен материјал да се примени повеќе годишна постапка за ЈН (рамковна спогодба) со која би биле дефинирани поединечни вредности на набавката и техничките карактеристики на изборниот материјал, а поединечните договори за набавката да се доделуваат во периодот на спроведување на изборите и
- воспоставување на соодветен систем на контрола при следење на реализација на договорите за јавна набавка со кој ќе се осигура дека истата се одвива во согласност со предвиденото во договорите
- договорите за јавна набавка да ги доделуваат согласно условите предвидени во тендерските документации и техничките спецификации.

Во однос на ваквата констатација и дадените препораки го даваме следното произнесување:

Во претходните изборни процеси заради обезбедување на економичност на постапката и намалување на останатите трошоци при реализација на набавката како и поради поедноставување на постапката заради кратките рокови за спроведување на изборните дејствија оваа набавка се спроведуваше како неделива на набавка.

По тендерската документација и дефинираните технички спецификации за предметната јавна набавка следеше успешна реализација на договорот за јавна набавка, што доведе и до успешно спроведен изборен процес.

Во текот на вршењето на ревизијата констатираните забелешки беа воочени на Државната изборна комисија и препораките на ревизорите веќе беа имплементирани во набавките за спроведување на Локалните избори кои се одржаа на 20-ти август 2022 година.

За наредни изборни процеси, препораката во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, при Државниот завод за ревизија целосно ќе бидат имплементирани од страна на Државната изборна комисија.

Исто така, согласно препораките на нацрт ревизорскиот извештај, ДИК се обрати до Бирото за јавни набавки со барање за мислење дали постојат правни пречки согласно одредбите од Законот за јавните набавки, Државната изборна комисија да ги спроведе постапките за јавни набавки наменети за изборни дејствија, кои ќе завршат со

склучување на рамковна спогодба за период од 3 (три) години, притоа имајќи предвид дека во тековната 2023 година не се предвидени средства за оваа намена од причина што во истата не се планирани избори, а согласно со член 75 став 1 договорниот орган го носи годишниот план за јавни набавки врз основа на планираните извори за финансирање.

-Во врска со наводите кои се однесуваат за уредите за биометриска идентификација на гласачите, Ви појаснуваме дека за време на Локалните избори 2021 година и покрај тоа што објективно поради обврските кои ги налагаат законските рокови, немаше време за пилот проект за употреба на уредите, сепак за време на изборите уредите за биометриска идентификација на гласачите за локалните избори во целина ги оствarija целите и намената за кои беа имплементирани согласно предвидените изборни дејствија во Изборниот законик и техничката спецификација за набавка на истите, за што учесниците во изборите и кандидатите немаа никакви конкретни забелешки за резултатите и постапката на гласање во избирачките места поврзани со функционирањето и работата на УБИГ апаратите.

Истовремено, појаснуваме дека работата на избирачките одбори со уредите за биометриска идентификација на гласачите се подобри во вториот круг што беше резултат на дополнително организираните обуки што ги организираше Државната изборна комисија.

Исто така, по Локалните избори 2021 година, во април и август 2022 година се одржаа избори во Општина Маврово и Ростуше, Општина Центар Жупа и Општина Тетово каде што уредите функционираа без проблем согласно Изборниот законик и немаше воочено проблеми и недостатоци. Ве известуваме дека во наредниот период кои претстои, а пред одржување на наредни избори Државната изборна комисија ќе организира редовни периодични обуки за избирачките одбори за ракување со уредите за биометриска идентификација на гласачите.

Во наредниот период поучени од праксата Државната изборна комисија ќе преземе активности за подобрување и усовршување на функционирањето на системот во соработка и консултација со ИТ експерти и економскиот оператор како производител на системот.

-Со извршената ревизија на Вкупните финансиски извештаи со спецификација на трошоците на приходите и расходите во изборната кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметките на двајца учесници – Група избирачи кандидат за градоначалник за Локални избори 2021 година на Општина Дебрца и Група избирачи носител на листа за избор на членови на совет на општина за Локални избори 2021 Општина Дебрца, утврдени се состојби кои укажуваат на неправилности и незаконитости, односно учесниците во изборната кампања кај носител на платен промет немаат отворено трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања". Ревизијата истакнува дека и покрај тоа што подносителите на листа не отвориле трансакциска сметка кај носител на платен промет, надлежната изборна комисија има донесено Решение со кое се потврдува Листата за кандидат за избор на градоначалник на Општина Дебрца и Решение со кое се потврдува Листата за кандидати за избор на членови на советот на Општина Дебрца, што не е во согласност со одредбите на член 67 став 1, 2, 5 и 6 и член 71 став 4 од Изборниот законик и се овозможило истите да учествуваат во изборниот процес.

Како резултат на наведените констатации во Нацрт извештајот, веднаш по дознавање за состојбата, Државната изборна комисија согласно член 31 став 2 точка 3 и 4 од Изборниот законик, постапи и донесе решение за разрешување од должноста на составот на надлежната Општинска изборна комисија ДЕБРЦА на претседателот, членовите и нивните заменици на одржаната седница на ден 28.12.2022 година.

Согласно член 31 став (1) од Изборниот законик, Државната изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и спроведување на изборите во согласност со овој законик и врши надзор над работата на изборните органи.

Согласно член 31 став (2) точка 3 и 4 од Изборниот законик, Државната изборна го разрешува секој член на изборен орган во случај на против законско работење и ја контролира законитоста во работата на изборните органи и презема мерки кога е констатирана повреда на законитоста во подготовките, постапката на кандидирањето, спроведувањето и утврдувањето на резултатите на изборите, како и во спроведување на упатствата и препораките дадени од неа.

Надлежностите на општинските изборни комисии и Изборната комисија на Град Скопје во подготовката и спроведувањето на изборите за градоначалник на општина и членови на советите се во согласност со Изборниот законик.

Согласно член 37 став 1 од Изборниот законик општинската изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите во согласност со Изборниот законик и врши надзор на работата на избирачките одбори.

Согласно член 37 став 4 од Изборниот законик при спроведувањето на локалните избори општинската изборна комисија:

1) утврдува дали предложените листи на кандидати за избор на членови на совет и листата на кандидат за градоначалник се поднесени во согласност со ИЗ;

2) ги потврдува листите на предложените кандидати;

3) го чува изборниот материјал од локалните избори;

4) ги утврдува резултатите од гласањето во општината и градот Скопје и на избраните кандидати за членови на советот, односно на избраниот градоначалник, им издава уверение за изборот веднаш по конечноста на изборите и

5) врши и други работи утврдени со ИЗ.

Државната изборна комисија постапувајќи во согласност со своите законски надлежности, по утврдување на повреда во постапката за потврдување на кандидатските листи и недостатоци во работата на Општинската изборна комисија Дебрца, донесе решение за разрешување од должноста претседател, заменик претседател, членови и заменици членови во составот на ОИК Дебрца.

Со почит,

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Александар Даштевски**

Изготвиле: Тања Милошевска
Ивана Костадиноска
Катерина Василевска

**Одговор**
**на мислење и произнесување на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 27.01.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема „Исплатените средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори 2021 година“ број 13-147/12 од 26.12.2022 година од одговорното лице на Државната изборната комисија Проф. Д-р Александар Даштевски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14 - 146/1.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката во врска со препораката во **точката 3.1.1.**, која се однесува на преземање на мерки и активности за избор на генерален секретар на ДИК, **претставува известување** за идните активности кои ДИК планира да ги преземе во насока на имплементација на дадената препорака.

2. Забелешката во врска со препораката во **точката 3.1.2**., која се однесува на потребата одговорното лице на ДИК во соработка со Владата на Република Северна Македонија да преземе мерки и активности за обезбедување на соодветни просторни услови за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите, **претставува известување** за континуирано преземање на активности од страна на одговорните лица на ДИК за обезбедување на простор за чување на уредите за биометриска идентификација на гласачите, кои ревизијата ги имаше во предвид и истите се дел од извештајот на овластениот државен ревизор.

3. Забелешката во врска со препораката во **точката 3.2**.1., која се однесува на преземање на мерки и активности за:
   - спроведување на ЈН за изработка и печатење на доверлив изборен материјал со повеќегодишна постапка за ЈН (рамковна спогодба) со која би биле дефинирани поединечни вредности на набавката и техничките карактеристики на изборниот материјал, а поединечните договори за набавката да се доделуваат во периодот на спроведување на изборите и
   - воспоставување на соодветен систем на контрола при следење на реализацијата на договорите за јавна набавка со кој ќе се осигура дека истата се одвива во согласност со предвиденото во договорите и договорите

за јавна набавка да ги доделуваат согласно условите предвидени во тендерските документации и техничките спецификации,

**претставува образложение** за причините за таквото постапување и не се презентирани нови докази кои би ги промениле утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.3.**, која се однесува на не преземени во целост мерки и активности за спроведување на пилот проект за користење на уреди за верификација на гласачи на изборите, како основни предуслови пред да се започне со биометриска идентификација/верификација, **претставува образложение** за причините за таквото постапување и не се презентирани нови докази кои би ги промениле утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

5. Забелешката на констатираната состојба во точката 5.1.1. во делот на Прашања на неизвесност и континуитет која се однесува на учество во изборен процес на учесници во изборната кампања кои немале отворено трансакциска сметка кај носител на платен промет, **претставува известување** за преземени мерки од Државната изборна комисија за што има донесено Решение број 08-214/1 од 26.01.2023 година за разрешување на претседател, членови и нивните заменици на општинската изборна комисија Дебрца на седница одржана на 28.12.2022 година, кои ќе бидат соодветно обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.